КИНОТЕКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
KINOTEKA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
CINEMATHEQUE OF REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA

www.kinoteka.mk

MEMBER OF FIAF

Ул. Никола Русински бр.1 п.фах 16, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
тел: +389 2/ 3071-814, 3071-815, факс: + 389 2/ 3071-813

Rr. Nikolla Rusinski nr. 1 p.faks 16, 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
Tel: +389 2/ 3071-814, 3071-815, faks: +389 2/ 3071-813

Nikola Rusinski 1 P.O.box 16, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
tel: +389 2/ 3071-814, 3071-815, fax: + 389 2/ 3071-813

Бр.01-151/1
22.02.2023

Врз основа на член 21, став 1, точка 14 од Статутот на НУ Кинотека на Македонија, бр.01-634/1 од 26.05.2015 година, бр.02-462/5 од 04.05.2018 година и бр.02-220/3 од 12.03.2019 г., согласно член 113 став 1 точка 3 од Законот за работните односи (,,Службен весник на Република Македонија'' бр.62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18 и 110/19) и член 79 од Колективниот договор за културата („Сл.весник на Р.С.М„ бр.10/2020), Управниот одбор на НУ Кинотека на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 22.02.2023 година, донесе

# ПРАВИЛНИК

## за начинот на користење на приватни возила за службени цели

### Член 1

Со овој Правилник се утврдуваат начинот на користење на приватни возила за службени цели во НУ Кинотека на Република Северна Македонија.

### Член 2

Приватно возило во смисла на овој правилник е секое патничко моторно возило во приватна сопственост што го користи вработениот во Кинотеката за службени потреби за Кинотеката.

### Член 3

(1) Приватните возила може да се користат за извршување на службени потреби на Кинотеката на Македонија само доколку во моментот на реализација на службените работи, службеното возило на Кинотеката не е достапно за користење од било кои причини.

(2) Користењето на приватно возило за службени потреби на Кинотеката ќе се одвива рационално и во согласност со намената утврдена со овој Правилник, а средства за користење на приватно возило за службени потреби **се обезбедуваат од сопствена сметка.**

### Член 4

(1) За користење на приватно возило за службени потреби, директорот или лице овластено од него донесува одлука за користење на приватно возило за службени потреби на Кинотеката.

(2) Во одлуката од став (1) на овој член се наведува тип и марка на возилото, број на регистарска таблица, вработениот корисник на возилото кое е во приватна сопственост и дестинација на возење и потрошувачка на гориво на возилото, количина на гориво што ќе се наполни и проценет број на изминати километри што може да се поминат со тоа гориво, како и одлука за правото на надомест (член 6).

**Член 5**

(1) За користење на приватно возило за службени потреби и службени патувања вработениот корисник на возилото му се исплаќа надомест на трошоци.

(2) Исплатата на надоместокот од став (1) на овој член, потребно е да е документирано, докажано со:

- одлука за користење на приватно возило за службени потреби и службени патувања,
- патен налог
- приложени сметки за патарина (доколку има)
- приложени сметки за паркинг (доколку има)
- фискална сметка за наполнето гориво
- други сметки кои согласно одлуката за службено патување е утврдено дека ќе бидат на товар на Кинотеката, пр. документ за сместување, ноќевање и сл.

(3) За исплата на надоместокот, вработениот корисник на возилото поднесува извештај за користење на приватно возило за службени потреби на Кинотеката во кој се наведува дестинацијата на возење, број на регистарска таблица на возилото, и број на изминати километри. Во прилог на извештајот, вработениот корисник на возилото, доставува документирани докази за направените патни трошоци од реализираното патување, од став (2) на овој член.

(5) Барањето заедно со прилог доказите се авторизираат од директорот или од лице овластено од него и се проследуваат до Одделението за сметководство и плаќање за понатамошно постапување и исплата на направените трошоци.

(6) Во Одделението за сметководство и плаќање се води евиденција за користените возила.

(7) Одделението за сметководство во Кинотеката ги исплаќа средствата на вработениот корисник на возилото.

**Член 6**

Вработениот корисник на возилото има право на надомест во висина до 30% од цена на литар гориво за секој изминат километар. Цената на литар гориво се утврдува од приложената фискална сметка за гориво.

**Член 7**

Километражата од местото на тргнување до местото на пристигнување ќе се докажува со гугл мапа.

Проценетата потрошувачка на гориво варира од 6-10 литри гориво градска и 4-8 литри гориво меѓуградска во зависност од возилото и горивото што го троши.

**Член 8**

Трошоците за одржување на приватното возило и штетите кои евентуално би настанале на возилото при извршување на службените дејствија, паѓаат на товар на сопственикот на возилото.

**Член 9**

Овој Правилник стапува во сила со денот на потпишувањето.

Подготвила:
Деница Тодоровска

Заменик претседател на Управен одбор

Проф.д-р Љупчо Коскаров

Republika e Maqedonisë së Veriut
Национална установа Кинотека на
Република Северна Македонија
Institucioni Nacional Kinoteka e
Republikës së Maqedonisë së Veriut
Бр.-Nr. 02-145/8
22.03.2023
Скопје-Shkup

Врз основа на член 21 став 1, точка 14 од Статутот на НУ Кинотека на Република Северна Македонија, бр.01-634/1 од 26.05.2015 година, бр.02-462/5 од 04.05.2018 година, бр.02-220/3 од 12.03.2019 година и бр.02-311/3 од 18.04.2022 г., Управниот одбор на НУ Кинотека на Македонија, на својата 35-та седница, одржана на 22.02.2023 година, донесе

О Д Л У К А

1. Се донесува Правилник за користење на приватно возило за службени цели во НУ Кинотека на Република Северна Македонија.

2. Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето

Заменик претседател на Управен одбор

Проф.д-р Љупчо Коскаров